**Форум за правата на Ромите ,,А Р К А,,**

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН*

**(2008 -2010)**

**Ноември, 2007 Куманово**

# Содржина:

**Информации за организацијата**...................................................................3
1 Фокус на организацијата…………………………………………………………….5
Модел за стратешко планирање………………………………………………………….....6
Анализа на заинтересирани страни

2.**Скенирање на средина**…………………………………………………………….7

3.**SWOT** Анализа……………………………………………………………………..9

4.**Визија и Мисија**……………………………………………………………………12

Визија на АРКА…………………………………………………………………………12
Мисија на АРКА……………………………………………………………………....13
5**. Клучни области на делување** (Цели)…………………………………………….13

6.**Акциони планови** …………………………………………………………………18

7.**Евалуација**……………………………………………………………….............26

## 1. Информации за организацијата

### 1. 1 Лична карта на организацијата

| | |
|---|---|
| **Име на организацијата :** | Форум за права на Ромите АРКА |
| **Акроним :** | АРКА |
| **Националност:** | Македонија |
| **Законски статус:** | Здружение на граѓани |
| **Адреса:** | ул.Караорман бр.6 |
| **Поштенски бр:** | 1 300 Куманово |
| **Телефон:** | +389(0)31 421 362 |
| **Факс:** | +389(0)31 421 362 |
| **E-mail на организацијата:** | E-mail: arka@arka.org.mk |
| **Website на организацијата:** | Web- site: www.arka.org.mk |
| **Лице за контакт:** | Феат Камберовски - Претседател |
| **E-mail на лице за контакт:** | E-mail: fkamberovski@arka.org.mk |

### 1.2 Тип на организација

АРКА е невладина, непартиска и непрофитна организација регистрирана во Регистер на Здруженија на граѓани и фондации во Основен суд, Куманово. Основна цел на организацијата е промоција и заштита на: граѓански, политички, економски, социјални и културни права на Ромите и другите етнички малцински групи како и промоција и зајакнување на мултиетнички врски. ФПР АРКА има свои канцеларии во Куманово и Скопје и активни ограноци во Крива Паланка и Кратово.

### 1.3 Вмрежување

АРКА е член на бројни национални и меѓународни мрежи , како што се:
- Правна мрежа на УНХЦР
- Македонска мрежа на НВОи
- Балканска мрежа од правни организации
- РНВО-Мрежа од Ромски НВОи во Македонија
- Мрежа на Проектот за Поддршка на Човекови Права (5 НВОи) - на национално ниво
- Коалиција *Сиѿе за фер судење*-национална

**1.4 Законска регистрација**

АРКА е законски регистрирана организација во Регистер за Здруженија на граѓани и фондации во Основен суд во Куманово.

**1.5 Поле на делување**

а) АРКА, како организација за човекови права, беше формирана во 1998 година од група Роми од Куманово. Оваа група Роми исфрустрирани поради нивниот пристап до политичките институции и пристапот до сите јавни настани во државава, како и постојаното побивање на нивните основни човекови права , отпочнаа да бараат нова стратегија за да предизвикаат извесни промени на тоа поле. Тие формираа и регистрираа невладина организација со надеж дека конечно ќе добијат право на глас и ќе можат да го видат сопствениот напредок и да направат разлика. Иницијален мандат на организацијата беше промоција и заштита на граѓански, политички, економски, социјални и културни права на Ромите. Подоцна, се прошири и на другите етнички малцински групи и на бегалци, преку промоција и зајакнување на мултиетнички врски. АРКА во првата година од своето постоење работеше без финансирање, со самоиницијативно волонтерско залагање. Нејзиниот прв финансиски поддржан проект е од 1999 год. фокусиран врз бегалци, пребегани од воената криза на Косово. Од тој период, организацијата отпочна да работи со бегалци, лица без државјанства, лица со посебни потреби, со невработените како и со младинци од сите етнички групации.

Низ сите овие изминати 8 год. работење на организацијата, АРКА има реализирано голем број проекти кои се однесуваат на човекови права и со тоа допре до животите на повеќе илјади луѓе. Сите овие проекти беа реализирани со љубезна поддршка од различни национални и меѓународни донатори. АРКА честопати работеше и сама но, истовремено има и долга историја на соработка со други бројни владини и невладини организации, поединци или групи како од регионот така и пошироко. Всушност, претседателот на АРКА беше инструмент, односно главна алатка во формирањето на мултиетничката мрежа во Кумановскиот регион.

Желбата на АРКА да им служи на сите граѓани со сите свои расположливи ресурси и капацитети е од самиот почеток. Тие капацитети подразбираат обезбедување секаков сервис за граѓаните внатре во рамките на организацијата и надвор од неа, на терен, меѓу граѓаните и нивните живеалишта. АРКА има реализирано бројни работилници, обуки и тренинзи низ цела Македонија токму со таа цел , обезбедување беспрекорна помош на сите граѓани.

**1.6 Сектори на делување:**

- Заштита на права на Роми, на бегалци и на раселени лица
- Обезбедување бесплатна правна помош
- Мониторинг на судски постапки и процедури
- Прибирање и давање информации
- Советување
- Истражување и лобирање
- Подобрување и развој на мултиетнички врски
- Развој на мали и средни бизниси во Македонија
- Стимулирање и финансирање иницијативи за заштита на човекови права

- Правна и финансиска помош во постапка за вадење лична документација на Роми
- Помагање во пристап на Роми до демократски институции

## 2.Процес на планирање

Форум за правата на Ромите АРКА во 2004 год. изработи стратешки план. Оттогаш, во рамки на организациските активности, АРКА имплементираше различни проектни активности од областа на човековите права. Тоа услови потреба од ревидирање на стратешкиот план и креирање на нов според кој АРКА ќе работи на своја програмска и организациска определба во наредниот период.

На 8-10 ноември, 2007 год. во Охрид се оддржа работилница за стратешко планирање на АРКА. Фасцилитатор на обуката беше Г-ѓа.Ненси Вилсон, Доброволец на Американски Мировен Корпус во Македонија, со 12 годишно искуство во област на менаџирање со проектни активности. Учесници на семинарот беа сите членови на организацијата (раководството и персоналот), членови на советодавниот борд на проектите на АРКА како и самите корисници на проектните услуги на организацијата. Обуката траеше 2,5 дена организирана во 8 сесии со активно учество (во работни групи) во трасирање на нова стратешка насока до 2010 год.

Цел за воспоставување на стратешкиот план е :

- Јасно дефинирање на организациската цел: :Зошто постои АРКА, која е насоката по која се движи, како да ја достигне и оствари целта, односно која е нејзината МИСИЈА?
- Да се зајакне организацискиот капацитет преку планирање;
- Да се дефинира **каде** оди организацијата (Визија, Мисија, Цели), како ќе стаса до нив (Подцели, Акционен план) и дали стасала до таму или не (евалуација)
- Да соработуваат сите заедно и остварат консензус во работењето;
- Да се воспостават целите и задачите во согласност со побарувањата од различните донатори;
- Постојат многу нивоа при разработка на стратешкиот план - индивидуално, организациско, ниво на заедницата, проекти....
- Има цели врз база на стратешко планирање како и проблеми врз база на стратешкиот план.
- Процесот на планирање е поважен од излезните резултати (веќе знаете кои се потребите на стратешкиот план)
- Организациите се водат од побарувањата на проектот а не од сопствената мисија-што им создава неоддржливост!

Подолу (сл.1) е прикажан моделот според кој АРКА го изработи својот стратешки план за период 2008-2010 год. Овој план е едногласно усвоен на состанокот на Бордот на организацијата на 30.11. 2007 год.

3. ***МОДЕЛ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ***




**Сл.1 Модел за стратешко планирање**

## *3.1 Фокус на organизација*

- Да се справува со промените -внатрешни и надворешни
- Децентрализација
- Развој на пазарна економија
- Јакнење на демократските институции
- Јакнење на граѓанско општество-инволвирање на други во донесување одлуки и планирање.

## *4.Анализа на заинтересираните страни*

Анализата на заинтересираните страни ги идентификува врските кои можат да се воспостават, коалиции, спонзорства како и новите можности за воспоставување соработка.
Го идентификува и проценува соодветното учество на заинтересираните страни во различните проекти, како и на сите поединци или организации кои можат позитивно или негативно да влијаат врз нашите проекти.
Ги препознаваат потенцијалните конфликти или ризици на планот/проектот.
Ги согледуваат интересите од воспоставените релации и врски за тоа што правиме и кои проекти се сметаат за најважни,
Од сите учесници на обуката беше побарано да го проследат ова и да направат листа од заинтересирани страни на АРКА:
Заинтересирани страни на АРКА:

- Роми
- Лица без државјанство
- Наводни жртви на полициска злоупотреба
- Маргинализирани групи
- Роми без лична документација
- Бегалци/Баратели на азил
- Граѓани кои бараат човекови права
- Министерство за Внатрешни работи
- Американски Мировен Корпус во Македонија
- Донатори
- Медии
- Локална Самоуправа
- Др. НВОи кои соработуваат со АРКА
- Центар за Социјална помош
- Агенција за вработување
- Народен Правобранител
- Влада на РМ
- Меѓународна заедница
- Персоналот на АРКА
- Болница и Здравствен дом
- Граѓани кои бараат заштитан а човекови права
- Комисии за етничките заедници
- Комисија за човекови права
- НВОи надвор од државата
- Училишта
- Министерство за труд и социјална работа
- Црвен крст (на локално ниво)
- Правна канцеларија за бесплатна правна помош при адвокатска комора
- Амбасада на Р.Србија
- Институции во Србија
- Европски совет за човекови права
- Основни судови

**5 .Скенирање на средина**
Скенирањето се базираше врз истражувањето направено од Феат Камберовски. Надворешното скенирање се направи врз анализа на надоворешните услови кои можат да влијаат врз работата и развојот на АРКА.
Се утврди соработката на АРКА на локално и на национално ниво со НВО секторот.

**Надворешно скенирање:**

1. На национално ниво- Македонија

Во Македонија постојат 20-30 активни Ромски НВОи
Има седум(7) активни Ромски НВОи за човекови права во Македонија.
Во македонија постојат 4 најуспешни невладини организации кои делуваат на областа на човековите права. Тие се:
ЦДРИМ од Скопје
Ромско Здружение од Штип;
Месечина од Гостивар
АРКА од Куманово
АРКА остварува формалин врски со овие организации но, не е близок соработник.

2 На локално ниво- Куманово

Во Куманово постојат повеќе од 180 регистрирани НВОи.
Околу 30 НВОи од Куманово се сметаат за активни.
Од нив 18 се Ромски НВОи.
Постојат три(30 најголеми Ромски НВОи од Куманово: ДАЈА, АРКА И ДРОМ.
Во Куманово работат три (3) НВОи од област на човекови права: АРКА, ДРОМ И БЕСА 2003.
Единствено АРКА е активна НВО во оваа област.
Најголеми конкуренти на АРКА се: ДРОМ од Куманово и Месечина од Гостивар.

**Внатрешно скенирање:**
Анализа на организациска структура на АРКА (статистички податоци)

Борд на претседателство: 5 члена
Персонал -15 члена
Волонтери внатре во канцеларии- 2
Полова структура:9 мажи, 11 жени
Етничка структура: 13 Роми, 7 Македонци

**Еквиваленти (полно работно време): 18.0**

1. Кои се тековни проекти на АРКА?
2. Колку работни места (со полно раб.време) има за секој член од персона лот во проектите?

Тековни проекти на АРКА се:

- Бесплатна правна помош за бегалци и лица без државјанство (1 позиција со полно раб.време, Магдалена)
- Проект за поддршка на човековите права- (0.5Феат, 0.5 Маријола)
- Проект за регистрација и лична документација за Роми -(5.5 позиции со полно раб.време): 0.5 Феат, Фросина, Наташа, 1 полно раб.време Васил, Алберт, Орфеј, Бојана)
- Проект за регистрација и лична документација за Роми, Скопје-(4.5 раб.позиции) : 1 Рамадан, Анета, 0.5 Габриела, Фатима, Сузана, Реџеп Али, Фросина)
- Пристапување на Ромите до демократските институции , пилот проект (6 раб.позиции) (1 Феат, Хашим, Менсур, Фатима, Мустафа, 0.5 Васил, Соња)

Колку изнесува месечен финансиски трошок за покривање на плати за персона лот во АРКА?

Месечен трошок за оддржување на персоналот изнесува 5.400 евра.
Препораки за идни скенирања на средината:
Кои други информации ќе допринесат во скенирањето на средината?
Што друго би сакале да знаете.Теми за следните студии вклучуваат:

- Како е третирана АРКА од страна на граѓаните, кое е јавното мислење за АРКА?
- Кои се новите потреби/проблеми на граѓаните кои се појавија во процес на децентрализација?
- Кои се долгорочни излезни резултати на некои наши проекти?

## 6.SWOT-Анализа

(Метод - Бура на идеи)

- *Силни страни* – Во што е добар нашиот персонал? Кои се нашите постоечки ресурси? Што ние правиме подобро од било кој друг? Кои се оние работи кои другите ги гледаат како наши јаки страни? Кои придобивки од Законот се наша страна? Ресурси, предности, искуство, локација, иновации, акредитации, квалификации, дипломи и признанија, култура, однесување, менаџерски способности

### 6.1 Силни страни на АРКА:

- Тимска работа и соработка
- Заемна почит
- Потребна експертиза
- Решавање на проблеми

- Различност на полето на работа
- Лидерски способности
- Добра соработка со релевантните институции
- Добра соработка помеѓу тимовите
- Канцеларија и опрема (10 компјутери )
- Возило
- Канцелариски маси
- Трениран персонал
- Успешна долгорочна тимска работа
- Добра релација и комуникација со клиенти
- Доверба на клиенти
- Подмладок
- Волонтери
- Родова рамноправност во бројот на вработените
- Капацитет при реализација на проекти
- Константно раководење по закони
- Веб - страна
- Компјутерски оператор
- Капацитет за успешна работа
- Професионална администрација
- Близина до граничниот премин
- Овозможување на бесплатна правна помош
- Експертиза во обезбедување на лична документација
- Долга историја при заштита на човекови права
- Препознатливост кај клиентите
- Експертиза во злоупотреба при полициска постапка
- Транспарентност на АРКА
- Овозможување проекти кои се поврзани со финансиска подршка на клиентите
- Храброст во работата
- Изградени комуникациски вештини
- Користење на методот “од врата до врата” за да се стигне до целната група
- Говорење на Македонскиот, Ромскиот и Англискиот јазик
- АРКА има презентациски вештини
- АРКА има преговарачки вештини

### 6.2 Слаби страни на АРКА:

- *Слаби страни* – Што можеме да подобриме? Што треба да избегнеме? што е тоа кое другите го гледаат како наша слабост? Финансии, закани, менаџерски успех, морал, посветеносст, лидерство

- Недостаток од сопствена канцеларија (плаќање на кирија )
- Недостаток на сопствени финансии
- АРКА има потреба од повеќе компјутери
- Подобрување на Анлискиот јазик на персоналот
- Сите немаат универзитетска диплома
- Стара канцелариска опрема

- Недостаток на соработка со Локалната Самоуправа
- Недостаток на соработка со други НВО-ии
- Вработените не се социјално осигурани

## 6.3 Можности на АРКА

- *Можности* – Политика на Владата, Закони, технологија, популација, стил на живеење, локални настани. Поглед кон силните страни – дали тие отвараат нови можности. Поглед на слаби страни – дали се отвараат нови можности за нивно елиминирање?

- Декадата за Вклучување на Ромите
- Отварање на нови ЕУ фондови
- Можност за лобирање за нови закони за НВО-и
- Прдолжување на соработката со членовите на парламентот кои се од Куманово
- Градење на поблиска соработка со Локалната Самоуправа
- Подобрување на интересот за соработка со домашни и странски организации и донатори
- Изработка на пишани процедури и политики
- Соработка со бизнис секторот
- Градење на консултантски бизнис на АРКА
- Подобрување на едукацијата
- Подобрување на едукацијата на Ромите за Човекови права
- Можности за подобрување на финансискиот систем на АРКА
- Приспособување на Управниот одбор на АРКА според ЕУ стандардите
- Зголемување на довербата на корисниците на услугите на АРКА надвор од заедницата
- Зголемување на довербата на Институциите спрема АРКА (на Национално ниво )
- Зацврстување на вклученоста на АРКА во Граѓански Советодавен Центар
- Анализи на потребите на  клиентите
- Мониторирање на Човекови права
- Работа на терен

## 6.4 Закани за АРКА

- *Закани* – На кои проблеми наидуваме? Дали потребите на нашата НВО-а се менуваат? Дали имаме проблеми со проток на финансии? Што работи нашата конкуренција? Дали менувањето на технологијата е закана за нашата позиција?

- Намален број  на донатори
- Губење на довербата помеѓу клиентите

- Конкуренција
- Непотполна соработка со Локалната Самоуправа
- Промена на Законита за НВО-и
- Дуплирање на услугите
- Нов закон за бесплатна правна помош
- Лоша економска ситуација во државата
- Етнички конфликити во Македонија
- Слаба организациска полиса
- Непостојана административна поддршка

## *7.Визија и Мисија*

**Визија на АРКА**

Во овој дел од стратешки активности се реализираа вежби за визионирање која ги воведе учесниците во активна дискусија за креирање дефиницја за визијата на АРКА. По успешно изведените вежбовни активности (на раб.групи)и преку размена на идеи , еве ги визиите за АРКА на дел од учесниците:

- АРКА станала успешна Фондација
- АРКА додели 10 мали гранта на др.НВОи од област на човековите права
- АРКА воспоставила партнерство со СОРОС Фондацијата од Њу Јорк
- АРКА врши мониторинг на имплементација на човекови права во Европска Унија.
- Постои Ромска парламентарна група во Советот на Европска Унија
- 100% исполнување на потребите на клиентите
- АРКА станала регионална канцеларија за заштита на човековите права ( на регионот за : Косово, Србија, Албанија И Бугарија)
- АРКА има воспоставено партенрство со Владини институции , Комисии за човекови права, со Сектор за соработка со граѓански здруженија
- АРКА стана консалтинг центар и спроведе обуки за тренери во образовни И др.институции
- АРКА организира меѓународна конференција за заштита и промоција на човекови права
- АРКА отвори своја канцеларија и 5 нови низ Македонија со 100 лица вработен персонал
- АРКА стана стратешки партнер со Шветски Хелсиншки Комитет
- АРКА стана постојана членка на Советодавен Борд на Македонскиот парламент.
- Г-дин Феат Камберовски стана почесен член на Американско здружение на НВО Сектор
- АРКА отвори своја медиска куќа
- АРКА е учесник на меѓународниот конгрес на НВОи во Брисел
- На 65 годишнина од Правниот Факултет АРКА додели 10 стипендии за студенти Роми

***Дефиниција за ВИЗИЈА на АРКА:***

**АРКА е водечка, финансиски стабилна и транспарентна Ромска НВО која соработува со владини и невладини институции за промоција, заштита и подобрување на човековите права и слободи на граѓаните на национално и регионално ниво.**

***МИСИЈА на АРКА:***

**АРКА е водечка Ромска НВО која развива и имплементира квалитетни програми за промоција , заштита и подобрување на човековите права и мултиетнички врски и развој на граѓанско општество преку обезбедување бесплатна правна помош, мониторинг, едукација и истражување.**

***8. Клучни области на делување (цели)***

***8.1 Стратешки цели***

Цел1**: Да се развие партнерство и поддршка од Владини институции особено од Локална Самоуправа , Бизнис сектор како и од меѓународни организации за човекови права.**

Подцели:

1. Да се развие стратегија за односи со јавноста и медии за период 2008-2010 год.
2. Да се вклучат членови од Владини институции,Локална Самоуправа и Бизнис сектор во Советодавен Борд на проектите на АРКА во период од 01.01.2008- 31.12.2008.
3. Да се организираат состаноци, трибини и донаторски конференции со Владините институции, Локална самоуправа, Бизнис сектор и меѓународни организации за човекови права на секои три месеци во период од 01.01.2008- 31.12.2008.

Стратешка цел .2 **Да се обезбедат активности за постојано јакнење и подобрување на организациски и персонални капацитети на АРКА**.

Подцели:

1. Да се идентификуват потребите на персоналот за зголемување на неговите капацитети и обезбедување буџетска стапка за организирање обуки за покажаните потреби.
2. Да се направи систем за десеминација од посетени семинари меѓу сите членови на АРКА.
3. Да се направи системска програма во согласност со тековни информации за закони за човекови права и тренинзи за експерти од оваа област.
4. Воспоставување нова структура на организацијата.

Стратешка цел .3 **Да се овозможат адекватни механизми за оддржлив развој преку развиен систем на набљудување и оцена на постоечки и нови програми и услуги на АРКА.**

Подцели:
1.Да се развие систем за внатрешна евалуација и програмски активности на АРКА
2. Да се обезбеди надворешна евалуација и ревизија на АРКА
3. Да се формира локален комитет

## *9 .Програмски цели на АРКА*

**Цел 1: Обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните**
Подцели:

1.1 Да се склучат договори за дело со адвокати за застапување на странки (социјални случаи, самохрани мајки и инвалидни лица)пред судови, управни орган ии социјални органи.
1.2 Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица опфатени со реадмисија.
1.3 Да се обезбеди бесплатна правна помош преку совети и комплетирање на документација потребна за регистрирање фирми.
1.4 Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица без државјанство и бегалци
1.5 Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица на кои им недостасува личн документација
1.5 Да се отвори нформантивен сервис (тел.линија ) за бесплатни совети на граѓаните.

**Цел 2: Едукација на граѓани и НВО за човекови права**

Подцели:
2.1 Континуирана едукација на граѓаните за нивните права преку отворање трнинг центар
2.2 Организирање јавни настани за подигање на свеста на граѓаните за нивните права.
2.3 Развивање систем за стандарди и процедури за почитување на човекови права.

**Цел 3: Следење на имплементација на човековите права**

Подцели:
3.1 Да се мониторираат судски постапки
3.2 Да се мониторираат полициски постапки
3.3 Да се следи пристапот на граѓаните при остварување на своите права во демократските институции
3.4 Да се набљудува напредокот на Ромските семејстав следени од АРКА во надминување на нивните проблеми
3.4 Да се мониторира имплементација на човекови права во рурални средини.

## ИДНИ ЦЕЛИ:

**Истражување и анализи**

**Подцели:**

4.1 Да се изработи правна анализа на тековни проекти на АРКА
4.2 Да се спроведе истражување на регионот за можностите за отворање нови канцеларии ( на национално и регионално ниво)
4.3 Да се направи годишно истражување и анализа за правата на Ромите во Македонија.

*10 Акциони планови:*

### Цел 1: Да се развие партнерство и поддршка од Владини институции особено од Локална Самоуправа , Бизнис сектор како и од меѓународни организации за човекови права.

| Подцел | Активност | Одговорно Лице | Временска рамка | Располо жливи ресурси | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Да се развие стратегија за односи со јавноста и медии за период 2008-2010 год. | 1.1 Да се развие пишан план за воспоставување на односи со јавноста 01-01-2008- до 01-04-2008. | Одговорно лице за односи со јавноста | 01-01-2008- до 01-04-2008. | Човечки ресурси Информа ции | Човечки ресурси Информации Технички ресурси |
| | 1.2 Да се промовираат сите публикувани материјали на АРКА во период од01-01-2008 до -31-12-2010. | 3 члена од Претседателс тво на АРКА | од01-01-2008 до -31-12-2010 | Технички ресурси | Човечки ресурси Информации Технички ресурси |
| | 1.3 Да се развие систем за постојано следење на њеб- страна и медиуми(владини институции, ЕЛС) | Компјутерски оператор во АРКА | Јан-Дек.2008 | Човечки ресурси Технички ресурси | Интернет |
| | 1.4 Да се зголеми размена на информации преку користење на Њеб -страна, публикација на годишни извештаи, шест месечни прес-конференции и други методи во период од 01-01-2008 до 31-12-2010. | Персонал на АРКА | Јан-Дек.2008 | Човечки ресурси Технички ресурси Интернет | Интернет |
| | 1.5 Да се отвори работно место „одговорно лице за воспоставување на односи со јавноста„ .Подготвувањер на план за воспоставување на односи со јавноста | Претседател на АРКА | Јан.2008 | Човечки ресурси Финансис ки ресурси | Финансии |
| 2. Да се вклучат членови од Владини институции, Локална | 2.1 Селекција на членови од релевантни институции | Претседател и Подпретседат ел на АРКА | Јан.2008<br>На секои 3 | човечки ресурси | Човечки ресурси Информации Технички ресурси Финансии |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Самоуправа и Бизнис сектор во Советодавен Борд на проектите на АРКА во период од 01.01.2008-31.12.2008. | 2.2 Состанување и преговарање со претставници од релевантни институции<br><br>2.3 Формирање тим за постојано следење и процена (систематизација) | Претседател на АРКА и програм цоординатор<br><br>Потпретседател на АРКА | месеци<br><br>Јан-Април.2008 | човечки ресурси<br><br>Искусен персонал | човечки ресурси |
| 3.Да се организираат состаноци, трибини и донаторски конференции со Владините институции, Локална самоуправа, Бизнис сектор и меѓународни организации за човекови права на секои три месеци во период од 01.01.2008-31.12.2008. | 3.1 Организирање состаноци, трибини и конференции за донатори и друго<br><br>3.2 Пишување записници од состаноците | Секретар на АРКА<br><br>Секретар на АРКА | На секои 3 месеци<br><br>За секој одржан состанок | човечки ресурсик анцелари ски материал<br><br>Финансии Техничка опрема | Човечки ресурси Технички ресурси Финансиски ресурси<br><br>Канцелариски материјали |

**Цел 2: Да се обезбедат активности за постојано јакнење и подобрување на организациските и персоналните капацитети.**

1. Да се развие нова организациска структура на АРКА.

2. Да се идентификуваат потребите на персона лот за подобрување на нивните капацитети и обезбедување буџетска ставка за развој на
3. Да се развие систематска програма според тековните новини и инфомации во поглед на законите за човекови права и тренинзи за експерти од оваа област персоналот.
4. Да се изгради систем за размена на резултати стекнати од различни тренинзи помеѓу сите членови на АРКА.

| Подцел | Активност | Одговорно лице | Временска рамка | Расположливи Ресурси | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се развие нова организациска структура на АРКА | 1.1 Да се организира еднодневвна работилница | АРКА Претседател | До 29.02.2008 | Финансиски ресурси Фасцилитатор Простор/простории Учесници | Експерт Литература Финансиски ресурси |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1.2 Да се изготват пишани правила за правата и обврските на вработените во АРКА<br><br>1.3 Да се развијат правилници за работа за вработените во АРКА | Реџеп Али<br><br>Реџеп Али | до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008 | човечки ресурси Раб.материјали<br><br>Просторија Копмпјутер Примероци | Експерт Литература |
| 2. Да се идентификуваат потребите на персона лот за подобрување на нивните капацитети и обезбедување буџетска ставка за развој на персоналот. | 2.1 Да се истражат квалитативни стандарди.<br><br>2.2 Да се развијат пишани правила за користење на годишен одмор и отсуство во случај на болест.<br><br>2.3 Да се развие Правилник за привремено ангажирање и вработување на персоналот на АРКА за нејзините потреби.<br><br>2.4 Да се вршат истражувања во насока на идентификување на стандарди со цел ефективно функционирање на НВО<br><br>2.5 Да се равие Правилник за евалуација на персоналот на АРКА<br><br>2.6 Да се развие Правилник за разрешување на | Феат Камберовски<br><br>Реџеп Али Чупи<br><br>Претседателство на АРКА<br><br>Претседателство на АРКА<br><br>Претседателство на АРКА<br><br>Претседателство на АРКА<br><br>Претседателство на АРКА<br><br>Претседателство на АРКА | До 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008 | Просторија Копмпјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци<br><br>Просторија Копмјутер Примероци | Литература<br><br>Литература<br><br>Експерт Литература Финансиски ресурси<br><br>Литература<br><br>Експерт Литература Финансиски ресурси<br><br>Експерт Литература Финансиски ресурси<br><br>Експерт Литература Финансиски ресурси<br><br>Финансиски ресурси |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | конфликти и интереси<br><br>2.7 Да се развие Правилник за заштита на доверливи податоци<br><br>2.8 Да се планира буџетска ставка за тренинг на персонал | | | | |
| 3.Да се развие систематска програма според тековните новини и инфомации во поглед на законите за човекови права и тренинзи за експерти од оваа област. | 3.1 Да се развијат и да се одржат работни состаноци каде секој вработен ќе ги објасни своите потребите за тренинзи преку пополнување на прашалници.<br><br>3.2 Да се сумираат повратните информации преку прашалник и развивање на план за различни тренинзи за секој вработен<br><br>3.3 Тековно отварање на интернет страниците<br><br>3.4 Проверка на организациони е-маил<br><br>3.5 Претплата во Службен весник за испорака на Закони и на подзаконски акти за потребите на организацијата. | Претседателство на АРКА<br><br>Орфеј Рамаданов<br><br>Алберт Камберовски<br><br>Алберт Камберовски<br><br>Алберт Камберовски | До 31.03.2008<br><br>до 31.03.2008<br><br>до 31.12.2008<br><br>до 31.12.2008<br><br>од 01.01.2008 до 31.12.2008 | Просторија Човечки ресурси<br><br>Компјутер и простории<br><br>Компјутер и интернет<br><br>Компјутер и интернет | Работен материал<br><br>Финансиски ресурси |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.Да се изгради ситем за размена на резултати стекнати од различни тренинзи помеѓу сите членови на АРКА. | 4.1 Планирање и поднесување на деталeн пишан извештај после секој тренинг.<br><br>4.2 Собирање повратни материјал од секој тренинг.<br><br>4.3.Подготовка на финални извештаи од тернинзите.<br><br>4.4 Објавување на финални инрормации на редовни месечни состаноци | Орфеј Рамадановски<br><br>Васил Рамаданов<br><br>Орфеј Рамаданов<br><br>Орфеј Рамаданов | од 01.01.2008 до 31.12.2008<br><br>од 01.01.2008 до 31.12.2008<br><br>од 01.01.2008 до 31.12.2008<br><br>од 01.01.2008 до 31.12.2008 | Компјутер и работен материал<br><br>Работен материал<br><br>Компјутер и работен материал<br><br>Човечки ресурси Просторија | Финансиски ресурси<br><br>Финансиски ресурси |

**Цел 3: Да се овозможат адекватни механизми за оддржлив развој преку развиен систем на набљудување и оценување на тековните и нови програми и услуги на АРКА.**

Подцели:

1. Да се развие метод за внатрешна евалуација на персоналот и програмските активности на АРКА.
2. Да се обезбеди надворешна годишна евалуација и ревизија

| Подцел | Активност | Одговорно лице | Временска рамка | Расположливи ресурси | Потребни Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се развие метод за внатрешна евалуација на персоналот и програмските активности на АРКА. | 1.1 Да се формира три член тим за евалуација од страна на АРКА | Претседател на АРКА | до 31.12.2007 | Компјутери Интернет web-страна Телефон | Компјутери Интернет web-страна Телефон |
| | 1.2.Да се започне со одржување на редовни месечни состаници на вработени. | Претседател на АРКА | од 01.01.2008 до 31.12.2008 | Компјутери Интернет | Компјутери Интернет |
| | 1.3 Да се спроведат истражувања за методи на евалуација на | Претседателство на АРКА Членови на Борд | Втора половина на Декември. | Персонал на АРКА | Компјутери Интернет Web-страна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | персонал.<br><br>1.4 Да се креира годишен календар на активности. | Рамадан Шакировски | Секоја година | Персонал на АРКА | Телефон<br><br>Искусен персонал Материјали Информации |
| 2. Да се обезбеди надворешна годишна евалуација и ревизија | 2.1 Да се развие стратегија за пристапување на различни консултативнини куќи. | Претседателство на АРКА Членови на Борд | од 01.01.2008 до 31.12.2008 | Персонал Информации и Односи | Искусен персонал Информации Односи Финасии |
| | 2.2 Да се организираат работни состаноци со управувачки членови на борд | Претседателство на АРКА Членови на Борд | до 15.12. 2008 | Човекови ресурси на АРКА | Експерт за ревизија |
| | 2.3.Формирање на локален комитет | Васил Рамаданов | од 31.03.2008 | Периодични/ годишни извештаи за активности | Претставници од бизнис - сектор,локална самоуправа и владини институции |
| | 2.4.Развивање на план за следење на информации(вести,дневници,медиуми и др.) | Алберт Камберовски | До крај на оваа година | Техничка опрема | Дневни новости Билтени web-страни Весници и др. |

## *10.1 Програмски цели на АРКА*

Програмска цел 1 **: Обезбедување бесплатна правна помош за граѓаните**

Подцели:

1 Да се склучат договори за дело со адвокати за застапување на странки (социјални случаи, самохрани мајки и инвалидни лица)пред судови, управни органи и социјални органи.

2. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица опфатени со реадмисија.
3. Да се обезбеди бесплатна правна помош преку совети и комплетирање на документација потребна за регистрирање фирми.
4. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица без државјанство и бегалци
5. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица на кои им недостасува лична документација
6. Да се отвори нформативен сервис (телефонска .линија) со бесплатни совети за граѓаните.

| Подцел | Активност | Одговорно Лице | Временска Рамка | Расположливи ресурси | Потребни Ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Да се склучат договори за дело со адвокати за застапување на странки (социјални случаи, самохрани мајки и инвалидни лица)пред судови, управни органи и социјални органи. | 1.1 Да се одржи состанок со претседател на адвокатска заедница во Куманово<br><br>1.2.Да се одржи состанок со заинтересирани граѓани<br><br>1. 3.Да се склучи договор за дело со избрани адвокати | Рамадан Шакировски<br><br>Рамадан Шакировски и Магдалена Зафировска<br><br>Магдалена Зафировска | 01.01.08-01.02.08<br><br>01.02.08-01.03.08<br><br>01.02.08-01.03.08 | Просторија<br><br>Просторија<br><br>Работен материјал | Човечки Ресурси<br><br>Човечки Ресурси<br><br>Човечки Ресурси Пари |
| 2. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица опфатени со реадмисија. | 2.1 Прием и евидентирање на лица опфатени со реадмисија | Бојана Петровиќ | 01.01.08-31.12.08 | Просторија | Човечки и Технички ресурси |
| 3. Да се обезбеди бесплатна правна помош преку совети и комплетирање на документација потребна за регистрирање фирми. | 3.1 Прием и евидентирање на лица заинтересирани за отворање фирми | Рамадан Шакировски | од 01.06.08 до 31.12.08 | Просторија | Човечки и Технички ресурси |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица без државјанство и бегалци | 4.1 Прием и евидентирање на бегалци и лица без државјанство<br>4.2 Комплетирање на потребна документација<br>4.3 Составување и поднесување на поднесоци<br>4.4 Плаќање за вадење документи<br>4.5 Придружување на странки и укажување на непосредна правна помош пред надлежни институции | Магдалена Зафировска<br>Магдалена Зафировска<br>Магдалена Зафировска<br>Васил Рамаданов<br>Рамадан Шакировски и Магдалена Зафировска | 01.01.08-01.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08 | Просторија<br>Просторија<br>Човечки ресурси<br>Човечки ресурси | Човечки и Технички ресурси<br>Просторија Човечки и Технички ресурси<br>Финансии Правник од АРКА<br>Финансиски ресурси<br>Финансиски ресурси |
| 5. Да се обезбеди бесплатна правна помош на лица на кои им недостасува лична документација | 5.1 Прием и евидентирање на лица без лични документи<br>5.2 Комплетирање на потребни документи<br>5.3 Обебзбедување финансиски средства потребни за лични документи<br>5.4 Придружување на странки и укажување на непосредна правна помош пред надлежни институции | Рамадан Шакировски<br>Бојана Петровиќ<br>Рамадан Шакировски<br>Бојана Петровиќ | 01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08 | | Просторија Човекови ресурси<br>Пари Технички ресурси<br>Пари Технички ресурси<br>Човечки ресурси |
| 6. Да се отвори нформативен сервис (телефонска .линија) со бесплатни совети за граѓаните. | 6. 1 Отварање на телефонска линија<br>6.2 Поставување одговорно лице<br>6.2 Идентификување на проблем ,давање правен совет и евидентирање во Дата База | Соња Арсовска<br>Феат Камберовски<br>Рамадан Шакировски | 01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08<br>01.01.08-31.12.08 | Телефон | Финансиски ресурси<br>Човечки Ресурси Финансиски ресурси<br>Канцеларија Човечки Ресурси Финансиски ресурси Канцеларија |

Програмска цел 2: **Едукација на граѓани и НВО за човекови права**

**Подцели:**

1. Континуирана едукација на граѓаните за нивните права преку отворање тренинг центар
2. Организирање јавни настани за подигање на свеста на граѓаните за нивните права.
3. Развивање систем за стандарди и процедури за почитување на човекови права.

| **Подцел** | **Активност** | **Одговорно Лице** | **Временска Рамка** | **Расположливи ресурси** | **Потребни Ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Континуирана едукација на граѓаните за нивните права преку отворање тренинг центар | 1.Отварање на тренинг центар за човекови права | Орфеј Рамаданов | 20.05.08 - 01.09.08 | | - Човечки ресурси<br>- Простории<br>- Технички сретства |
| 2.Организирање јавни настани за подигање на свеста на граѓаните за нивните права. | 2.1 Организаирање на трибини, семинари и дебати за Човркови права | Орфеј Рамаданов | 05.04.08 - 08.04.08 | | Човечки ресурси од Локална Самоуправа<br>- Институции на државата<br>- НВО-и<br>- Технички ресурси<br>- Медиуми |
| 3.Развивање систем за стандарди и процедури за почитување на човекови права. | 3.1 Развивање на систем на стандарси и процедури за почитување на човекови права | Рамадан Шакировски | 01.01.08 - 31.12.08 | Човечки ресурси | Просторија<br>и Технички ресурси |

Програмска цел 3: **Следење на имплементација на човековите права**

Подцели**:**

1 Да се мониторираат судски постапки
2 Да се мониторираат полициски постапки
3 Да се следи пристапот на граѓаните до демократските институции при остварување на нивните човекови права
4 Да се набљудува напредокот на Ромските семејства следени од АРКА во надминување на нивните проблеми
5 Да се мониторира имплементација на човекови права во рурални средини

| **Подцел** | **Активност** | **Одговорно лице** | **Временска Рамка** | **Расположливи ресурси** | **Потребни Ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Да се мониторираат судски постапки | 1.1 Подготвување на формулар за граѓанска и кривична постапка<br><br>1.2Мониторинг и запишување на заклучоци | Феат Камберовски<br><br>Феат Камберовски | 01.01.2008-31.12.2008<br><br>01.01.2008-31.12.2008 | Просторија | човечки ресурси Финансии<br><br>човечки ресурси Финансии Формулари за записници |
| 2. Да се мониторираат полициски постапки | 2.1 Евидентирање на случај<br><br>2.2 Пишување и поднесување претставка до релевантни институции | Магдалена Зафировска<br><br>Феат Камберовски | 01.01.2008-31.12.2008<br><br>01.01.2008-31.12.2008 | човечки ресурси | Техничка опрема Искуство Финансии<br><br>Искусен правен персонал Материјали |
| 3. Да се следи пристапот на граѓаните до демократските институции при остварување на нивните човекови права | 3.1 Директни Контакти со корисниците и институциите | Соња Арсовска | 01.01.08 31.12.08 | | човечки ресурси Искуство Финансии |
| 4. Да се набљудува напредокот на Ромските семејства следени од АРКА во надминување на нивните проблеми | 4.1 Развој на прашалници пред и пост евалуација<br><br>4.2 Интервјуирање | Соња Арсовска<br><br>Тим на Case managers | 01.01.2008-31.12.2008<br><br>01.01.2008-31.12.2008 | Финансиски ресурси Човечки ресурси<br><br>Финансиски ресурси Човечки ресурси | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Да се мониторира имплементациј а на човекови права во рурални средини | 5.2 Директна средба со корисниците со примена на метод„од„ врата на врата„ | Соња Арсовска | 01.01.2008-31.12.2008 | | Човечки ресурси Финансиски ресурси |

## *11.Евалуација*

Стратешкиот план ќе биде мониториран и евалуиран преку Акциониот план. Акциониот ќе биде контролиран преку месечни состаноци меѓу вработените. Бидејќи Акциониот план е Специфичен, ни кажува, Кој, Што и Кога треба да направи. Претседателот на АРКА треба да го раководи и да биде сигурен дека секоја ставка од Акциониот план е извршена до датумот кој што е наведен во Акциониот план. Доколку нема доволно време да се комплетира таа ствака или потребните ресурси не се достапни (расположливи), тогаш за таа ставка од Акциониот план треба да се дискутира. Би требало или да се Отстрани или да се Промени за да постане нешто што може да се оствари во насока на придвижување на организацијата напред. Доколку ресурсите не се расположливи, други ставки од Акциониот план можеби треба да се развијат со цел да се обезбедат потребните ресурси.

Стратешкиот план треба да биде ревидиран секоја година, на годишен состанок од страна на бордот или од надворешен советодавен борд. Претседателот на АРКА треба да известува за тоа кои ставки се комплетирани. Доколку целта е исполнета или доколку повеќе не е релевантна, треба да биде отстранета од Акциониот план и нови цели би можеле да се додадат. Битна одговорност за пропусти и за остварување на Стратешкиот план лежи на Претседателот.